Дневни билтени
2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020

## Извадок на дел од дневни настани 13.04.2020

На 12.04.2020 полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Д.А.(24), бидејќи околу 23.15 часот на ул.„Бигла" во Скопје, при семејна расправија, со нож му нанел повеќе убодни рани на својот татко С.А.(55), од кои тој починал. По документирање на случајот, против Д.А. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.04.2020 во 15.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека Ф.З.(20) од с.Батинци, скопско, се однесувал агресивно кон полициски службеници од Полициската станица Драчево, кои преземале службени дејствија по чл.206 од Кривичниот законик на РСМ. По целосно документирање на случајот, ќе следат соодветни поднесоци.

На 12.04.2020 околу 14.15 часот во СВР Битола било пријавено дека во с.Сопотско, ресенско, настанал пожар во оџак од куќа, сопственост на Б.Ќ.(62), при што биле опожарени покривната конструкција и катот од куќата. Пожарот е изгаснат од Противпожарната единица од Ресен. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Ресен.

На 12.04.2020 околу 13.10 часот на ул.„Иво Лола Рибар" во Тетово, додека траела забраната за движење, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода И.С.(29) од тетовско Слатино, затоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, на И.С. ќе му бидат изготвени соодветни поднесоци.

На 12.04.2020 околу 13.40 часот, за време на забраната за движење, на ул.„176" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода Р.А.(77) од Тетово, бидејќи при преглед кај него е пронајден пиштол со рамка со 7 куршуми, калибар 7,65 милиметри, кој го поседувал без дозвола. Р.А. е задржан во Полициската станица Тетово за документирање на случајот и ќе му бидат изготвени соодветни поднесоци.

На 12.04.2020 околу 17.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Брсјачка буна", У.Д.Е.(41) од Скопје била физички нападната од А.Н. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.04.2020 околу 17.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Пелагонија" во Скопје, по претходна расправија, дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.М.(20), од една страна, и Е.Ј.(28), Ј.Ј.(21) и Е.Ј.(26), од друга страна, сите од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок по чл.11 од ЗППЈРМ.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против М.Б. (29) од с.Драчевица, скопско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,тешка телесна повреда". На 29.12.2019, пред продажен објект на ул.„Борис Трајковски", додека оштетениот М.М.(40) од с.Студеничани, скопско, чекал автобус на автобуска постојка, пријавениот физички го нападнал, нанесувајќи му тешка телесна повреда.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Н.С.(51) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,фалсификување исправа". На 23.12.2019 на Граничен премин Меѓународен аеродром Скопје, при проверка од полициски службеници, било констатирано дека во патната исправа на пријавениот биле избришани два поништени штембили.

СВР Скопје поднесе 23 кривични пријави против Б.Б.(20), А.Н.(36), И.В.(34), Н.П.(36), И.П.(36), Н.Ј.(56), Ф.К.(30), Б.Д.(25), А.Е.(33), Џ.А.(27), Џ.А.(39), Р.Џ.(52), А.Б.(27), Р.Ј.(24), Б.Ш.(30), А.Р.(30), Е.Ј.(35), Б.Е.(21), М.Е.(35), Д.Д.(36), Г.Ј.(43), Б.Ј.(22), Т.Ц.(22), сите од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавените во периодот од 25.03.2020 до 28.03.2020 не се придржувале кон воведената мерка за ограничено движење.

На 12.04.2020 во 19.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница „Свети Наум Охридски" од Завод за рехабилитација бил донесен З.С.(46) од Скопје, во лоша здравствена состојба, кој по направена реанимација, починал. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје. По насока на Јавен обвинител телото на починатиот е предадено на обдукција.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет